Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

## Извадок на ден од дневни настани 30.09.2023

На 29.09.2023 во 12.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.А.(30) и С.А.(27) двајцата од Скопје, затоа што кај них била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.09.2023 во 18.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Б.(43) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 30.09.2023 во Радовиш полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш извршиле контрола во повеќе угостителски објекти на подрачјето на Радовиш. При контролата во еден угостителски објект било констатирано присуство на малолетно лице после 24.00 часот, кое било послужено со алкохол. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 29.09.2023 во 20.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", на излез од државата, при извршена проверка на С.Б.(54) од Р.Турција било констатирано дека нему му било издадено решение за напуштање на Република Северна Македонија најдоцна до 12.08.2023. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции за понатамошна постапка.

На (29.09.2023) полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, по преземени мерки и активности на ул.„Срем" во Битола го пронашле патничкото возило „опел корса" со битолски регистарски ознаки, за кое што на 27.09.2023 В.Т.(30) од с.Логоварди, битолско, пријавил дека му било одземено. Возилото од страна на полициските службеници е вратено на сопственикот.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (29.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 155 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 11 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, по пет санкции за минување на затворен сигнал – црвено светло и за возење под дејство на алкохол, девет мерки за некористење на сигурносен појас, три санкционирани мотоциклисти...

На 29.09.2023 во 22.50 часот било пријавено дека во Скопје, на ул.„Борис Сарафов", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат", управувано од И.И. од с.Љубин, скопско и патничко возило „фолксваген голф", управувано од М.Љ. од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле сопатникот од патничкото возило „сеат", А.И., а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и сопатничка од возилото „фолксваген голф", И.И., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.09.2023 во 20.15 часот било пријавено дека на патот с.Соколарци-с.Жиганци, кај место викано „Долченица", патничко возило удрило во велосипед управуван од Н.А.(52) од с.Соколарци и го напнушило местото на несреќата. Велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кочани и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2023 во 20.00 часот било пријавено дека на ул.„7 Септември" во Кавадарци, мопед „лонгија" со кавадречки регистарски ознаки, управуван од О.Г.(39) од Кавадарци, паднал на коловозот. Во несреќата возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 29.09.2023 во 18.45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Дреново-Кавадарци, поточно кај место викано „Лазов мост", се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „форд" со кавадречки регистарски ознаки, патничко возило „мини купер" со прилепски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(25) од с.Вогани, прилепско и трактор со приколка со кавадречки регистарски ознаки, управуван од Б.Т.(62) од Кавадарци. По несреќата, возачот на товарното возило го напуштил местото, но по кратко време бил пронајден од полициските службеници и лишен од слобода, при што било констатирано дека станува збор за К.А.(47) од Р.Албанија, со престој во Кавадарци. Во несреќата возачот на тракторот се здобил со тешки телесни повреди, а возачот С.Б. со телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Д.Ц.(44) од Винница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 13.09.2023 пријавениот, од реон на Гевгелија со товарно возило прифатил 20 илегални мигранти, по што во близина на наплатната станица Сноквица бил сопрен од полициски службеници и при извршен преглед во багажниот простор биле затекнати 19 мигранти од Сирија и еден од Ирак.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против В.Ф.(25), Д.Т.(36) и М.А.(52), сите од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори" и „овозможување на употреба на наркотични дроги". На 07.03.2022 во Штип, пријавените купиле марихуана од едно лице, која ја препакувале за продажба. При преглед кај нив, полициски службеници ја пронашле дрогата.

Денеска (30.09.2023) во 03.00 часот било пријавено дека во Скопје, на ул.„16 Македонска бригада", на влез-излез од парк-шума Гази Баба, патничко возило „хонда" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.Д.(23) од Скопје, излетало надвор од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и малолетна сопатничка од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.09.2023 година во Полициската станица Валандово било пријавено дека настанал пожар во куќа во село Јосифово, валандовско. Во пожарот изгореле делови од покуќнина, а повредени лица нема. По интервенција на Територијалната противпожарна единица Валандово пожарот бил изгаснат. Увид на местото на настанот врши инспектор за пожари и екипа на Одделението за внатрешни работи Валандово.

На 29.09.2023 во 11.20 часот на Граничниот премин „Јажинце" бил приведен U.X.(57) од Р.Албанија, поради непријавен престој во РСМ. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка.

Денеска (30.09.2023) во 01.15 часот во с.Липково, кумановско, полициски службеници од Полициското одделение Матеј че го лишиле од слобода Х.М.(23) од кумановско, поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија, а приведена била и И.Б.(25) од Куманово, поради агресивно однесување кон полициските службеници. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против З.Г.(35) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 13.08.2023 во Кочани, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 29.09.2023 во 19.45 часот С.П.(59) од с.Башино Село, велешко, пријавила дека била нападната со тврд предмет од З.П.(60). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.09.2023 во 14.30 часот Е.П.(38) од Битола пријавила дека на 28.09.2023 околу 12.00 часот, во двор од основно училиште во Битола, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2023 во 02.00 часот во Куманово од полициски службеници од СВР Куманово бил лишен од слобода А.С.(44), поради тоа што на 28.09.2023 околу 23.30 часот во домот со тврд предмет ја нападнал неговата 79-годишна мајка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.09.2023 во 10.00 часот И.С.(65) од Тетово пријавил дека околу 09.00 часот во Тетово, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против Б.З.(26) и Б.Ј.(26), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти". На 13.09.2023 близина на Гевгелија, пријавените прифатиле и превезувале илегални мигранти со намера истите да ги пренесат во Куманово. Првопријавениот ги обезбедил возилата, го договорил транспортот и бил во улога на претходница, а второпријавениот во возилото превезувал пет мигранти (четворица од Сирија и еден од Авганистан).

На 29.09.2023 во 16.30 часот И.Т.(41) од Битола пријавила дека околу 12.00 часот во Битола нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друга малолетничка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2023 во 13.13 часот во СВР Куманово било пријавено дека во Куманово, во угостителски објект во с.Никушташ, кумановско, по претходна вербална расправија помеѓу А.З.(29) од Куманово, од една страна и С.К.(32) од с.Оранци, Арачиново и А.Д.(36) од с.Черкези, кумановско, од друга страна, С.К. се здобил со повреда од остар предмет. Со лицата е извршен службен разговор во полициска станица и по комплетно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.09.2023 во 16.00 часот во СВР Скопје, 26-годишна жена пријавила дека на 28.09.2023 околу 21.00 часот, во домот на подрачјето на Бит Пазар, била физички нападната од нејзиниот сопруг В.Ф.(26) од Скопје, кој употребил и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против М.М.(31) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 18.08.2022 во Кочани, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 29.09.2023 во 15.25 часот Б.А.(43) од Гостивар пријавил дека околу 11.35 часот во Гостивар тој и неговиот брат биле физички нападнати од Р.Н. од с.Дебреше. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.09.2023 во 15.30 часот во Струмица полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Р.П.(77) од струмичко, поради тоа што на 27.09.2023 се обидел да извреди обљуба врз 64-годишна жена, негова сосетка. По расчистување на случајот.

На 29.09.2023 во 13.15 часот во Полициската станица Пробиштип Е.М.(29) од пробиштипско пријавила дека на 28.09.2023 околу 12.00 часот во основно училиште нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неговиот наставник В.П.(55). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Е.Ѓ.(35) од село Бучим, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 13.09.2023 по извршен преглед од полициски службеници на патничко возило „форд", управувано од пријавениот, била пронајдена и одземена марихуана која била наменета за продажба.

На 29.09.2023 во 18.30 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода С.Е.(56) од с.Желино, тетовско, кој претходно бил пријавен од С.А.(48) од с.Требош, тетовско, дека во угостителски објект во с.Требош физички се преземувале, а потоа С.Е. му се заканувал со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@mvl.gov.mk
Изработено од Унет